1617
1707

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
23. VIII. 1966

По Третата ликовна колонија во Струмица

Несфатлив гест на РТВ Скопје

Во Струмица заврши Третата ликовна колонија која се одржа од 1 до 20 август. Оваа ликовна манифестација егзистира уште од пред три години и по нејзиниот иницијатива на Работничкиот универзитет од Струмица, се одржа првата ликовна колонија на која зедоа учество само наивистички сликари и скулптори.

Во 1965 година Втората ликовна колонија се презентира во пошироки рамки — покрај наивистичките уметници во неа зедоа учество и академски сликари и скулптори, како и на годинашнава ликовна колонија.

Средствата за одржување на „колонијата" ги доделија Општинското собрание на Струмица (2 милиони) и Секретаријатот за просвета, наука и култура на СРМ (1 милион).

Треба да се одбележи дека овие средства организаторот ги доби со судни маки неколку дена пред почетокот на манифестацијата, а сето тоа услови разни пропусти во одвивањето на дејноста на колонијата.

Сето тоа е многу непријатна работа која говори дека кај нас многу одговорни фактори сеуште небрежно се однесуваат кон извесни културни манифестации.

ГОДИНАШНАВА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ЗАСЛУЖУВАШЕ МНОГУ ПОГОЛЕМ ПУБЛИЦИТЕТ

На годинашнава ликовна колонија учествуваа ликовни уметници од Македонија, Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Учествуваа вкупно 18 ликовни уметници кои за 20 дена изработија над 60 ликовни дела.

Најважната компонента во организирањето на оваа манифестација се состои во фактот дека секој уметник што зема учество во колонијата е должен да приложи едно свое дело во Уметничката колекција на Работничкиот универзитет на Струмица. Токму тука се состои целта на постоењето на оваа манифестација, преку која организаторот се стреми еден ден колекцијата да прерасне во богата и квалитетна уметничка галерија во Македонија.

Во рамките на годинашнава ликовна колонија на организаторот му беа направени многу непријатности од страна на неколку познати македонски ликовни уметници, а пред сé од Димитар Кондовски и Петар Мазев. Имено, овие двајца, иако до самиот почеток на манифестацијата ветуваа и писмено потврдија дека ќе учествуваат во „колонијата", не само што не дојдоа, туку не најдоа и за потребно со едно обично писмо да го одјават своето доаѓање.

Несфатлив е и гестот на РТВ Скопје, која не најде за потребно да ја одбележи и популаризира оваа манифестација која перспективно има големо значење за ликовната дејност. Директорот на РТВ Скопје, Драги Тозија, неколку дена пред почетокот на колонијата бил лично во Струмица и ветил дека една екипа на студиото ќе допатува во Струмица за да ја регистрира оваа манифестација.

РТВ Скопје беше должна да даде широк публицитет на оваа манифестација, како што тоа го стори со Втрите театарски игри „Војдан Чернодрински" што годинава се одржаа во Прилеп.

Кога телевизијата може да регистрира и просечни спортски натпревари, навистина е несфатливо нејзиното зачудувачко неинтересирање за годинашнава ликовна колонија во Струмица.

Т. Ширилов